Годишен извештај

за работата на Сојузот на извидници на Македонија за 2019 година

Канцеларија на СИМ



Почитувани,

Овој извештај ги содржи активностите на СИМ, неговите органи и неговите членки, кои определени настани и активности ги пријавиле и спровеле во името на СИМ во периодот од 01.01.-31.12.2019 год. Во периодот 2018-2019, Сојузот броеше 20 членки од кои 16 полноправни и 7 придружни. Членството на СИМ достигнува бројка од над 2400 извидници.

Мисија

Мисијата на Сојузот на извидници на Македонија е да придонесе во образованието на младите луѓе, низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградбата на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

Визија

Сојузот на извидници на Македонија е релативна, атрактивна и самоодржлива организација која обединува млади луѓе преку современа и прогресивна програма која ги исполнува општествените потреби на младите во Р. Македонија и го гради нивниот карактер врз база на позитивните извиднички вредности и принципи.



Основни активности на Сојузот на извидници на Македонија

- Неформално образование за младите луѓе користејќи го извидничкиот метод.
- Атрактивна програма за млади со многу активности во природа кои ќе обезбедат развој на интелектуален, психички, духовен, социјален, карактерно и емотивен аспект на секој млад човек.
- Промовирање на активно граѓанство.
- Промовирање на младински активизам и иницијативизам.
- Поддршка во развој на заедницата на локално и национално ниво.
- Промоција и практикување на демократија и човечки права преку стимулативни средби и процеси.
- Поддршка на други младински организации, младински мрежи и заедничка работа со институции.

Таргет група (целна група)

Членови на Сојуз на извидници на Македонија се: деца, млади луѓе и постари луѓе. Со комплетирање на програмата на одредите и Сојузот на извидници на Македонија тие земаат активно учество во активности во нивната заедница и помагаат во зголемување во квалитето на живеењето.



Листа на извиднички (поречански) одреди регистрирани во периодот 2018-2019 година:

1. ИПО Галеб - Скопје
2. ИПО Јадран - Скопје
3. ИО ММ-Брицо - Скопје
4. ИО Браќа Миладиновци - Скопје
5. ИО Скаут - Куманово
6. ИО Димитар Влахов - Скопје
7. ИО Гоце Делчев - Св.Николе
8. ИПО Крсте Јон - Струга
9. ИО Мирко Милески - Кичево
10. ИЕО Пионер - Охрид
11. Прв Скопски Извиднички Одред – Скопје
12. ИО НН- Борче - Крива Паланка
13. ИО Феникс - Прилеп
14. ИО Ластовица - Кочани
15. ИО Калкан - Тетово

Придружни членки

1. ИО Еквинокс - Штип
2. ИПО Сидро – Скопје
3. ИО Молика – Битола
4. ИО Армонија - Виница

ИНФОГРАФИК 2019

РАСТ 9%

13 ЕКО АКЦИИ

20 ОДРЕДИ

2547 ЧЛЕНОВИ

6 НАЦИОНАЛНИ ПРОЕКТИ

47104 ВОЛОНТЕРСКИ ЧАСОВИ

196 ПОСВЕТЕНИ ВОЛОНТЕРИ

13 ОПФАТЕНИ ЦЕЛИ ЗА ОДДРЖЛИВ РАЗВОЈ

14 ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

23 РЕАЛИЗИРАНИ КАМПОВИ

3151 ДИРЕКТНО ВКЛУЧЕНИ КОРИСНИЦИ НА ИЗВИДНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

237 ВОДАЧИ

570	753	485	267	262
ИЗВИДНИЦИ РАЗВИГОРЦИ	ИЗВИДНИЦИ ИЗВИДНИЦИ	ИСТРАЖУВАЧИ ИСТРАЖУВАЧИ	РОВЕРИ РОВЕРИ	СЕНИОРИ СЕНИОРИ
7-10год	11-14год	15-18год	18-29год	30+год

SCOUTS

Работата на органите на Сојуз на извидници на Македонија и нивните членови

Собрание на СИМ

Редовното годишно собрание на Сојузот на извидници на Македонија се одржа на ден 13.04.2019 година во Извидничкиот центар во Охрид. Собранието беше дел од работен викенд кој сојузот го организираше со цел вмрежување на членството и ревидирање на сработеното во периодот помеѓу двете собранија, како и правење на акциски план и годишна програма за тековната 2019 година.

На самото собрание, од вкупно поканете 81 делегати од 15 извиднички одреди, беа присутни 56 делегати по што се утврди дека собранието може полноправно да одлучува. На седницата се презентираа годишниот наративен и финансиски извештај од страна на генералниот секретар за работата на извршната канцеларија во текот на 2018 година и истите беа едногласно прифатени и изгласани. Додатно, директорот на извиднички центар Охрид, го презентираше финансискиот извештај на кампот пред делегатите и идните приоритети и планови за центарот.

12тата извидничка смотра на СИМ, беше настанот кој ја одбележа 2018 година и како таков, имаше детален наративен и финансиски извештај од истиот кој се презентираше на седницата на собранието од страна на старешината на смотрата Јордан Бајрактаров и генералниот секретар Владимир Костовски. Се презентираше детална евалуација во поглед на логистика, програма, храна, хигиена, безбедност, човечки ресурси, комуникација и соработка и истата таа евалуација ќе користи како инпут при креирање на настани од ист или сличен карактер во иднина.

На седницата се презентираа тековните проекти на организацијата, како и финансиската кондиција во поглед на проектното работење, со што се затвори сите финансиски прашања.

Надзорниот одбор на СИМ, бидејќи не беше во можност да присуствува на седницата, достави пишан извештај за финансиското и материјално работење на канцеларијата на СИМ и извидничкиот центар охрид, и истиот беше прифатен од мнозинството на делегати.

Со завршување на мандатот на надзорниот одбор, пред почетокот на собранието, СИМ направи отворен повик за членови на надзорниот одбор. Се пријавија тројца кандидати и сите тројца беа избрани. Следствено на тоа, за нови членови на надзорниот одбор се избрани: Ангелче Гушев, Драгољуб Столески и Филип Стојаноски.

Статутарни промени направени на седницата:

- Промена на адресата на организација: за нова адреса е заменета ул. Кукушка 4А, Скопје
- Усвојување на новиот метод на извидниците "Вклучување на заедницата"

- Сојузот на извидници на Македонија во својот статут го додава зборот "деца" секаде каде што се наведени млади – со образложение дека таргет група на сојузот се "деца и млади"
- Промена на името на државата низ содржината на целиот статут од Република Македонија, во Република Северна Македонија
- Промена во заветот на организацијата, поради промена на уставното име на државата. Се менува во "Ќе ја запознаам и сакам својата татковина Република Македонија..." во "Ќе ја запознаам и сакам својата татковина..."

Сите одлуки се донесени со мнозинство гласови (повеќе од 41 гласови од делегати)

По презентацијата на ново креираните извиднички одреди во Битола и Виница, претставници на одредите имаа можност да одговараат прашања пред делегатите за нивната вклученост и искрена желба за стануване на дел од сојузот. По тоа, едногласно собранието изгласа прифаќање во придружно членство на ИО Армонија од Виница и ИО Молика од Битола во Сојузот на извидници на Македонија.

Како дел од точка разно, собранието ја потврди одлуката за нов член на старешинството на сојузот согласно статутот на СИМ. Имено, мандатот на Елвис Тодоровски е прекинат и на негово место доаѓа Александар Миладинов од ИО Гоце Делчев согласно гласовите добиени на гласањето во 2016 година на изборното собрание.

Старешинство на СИМ

Во 2019 година старешинството на СИМ беше во состав:

- Огнен Стефановски, претседател
- Јане Илијески, член на УО/старешинство
- Снежана Јанковиќ, член на УО/старешинство
- Бобан Москов, член на УО/старешинство
- Влатко Влахчев, член на УО/старешинство
- Миќо Стојановски, член на УО/старешинство
- Елвис Тодоровски, до април 2019
- Александар Миладинов, од април 2019, член на УО/старешинство

Во оваа 2019 година Старешинството на СИМ оддржа 5 седници преку кои управното тело на Сојузот на извидници на Македонија ја водеше организацијта и носеше одлуки во својот домен дефиниран со Статутот на СИМ.

Седниците на Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија траеа вкупно 16 часа или во просек една седница траеше 3 часа. Членовите на Старешинството покажаа редовност и посветеност во текот на годината така што 5 членови на старешинството немаат пропуштено седница. Редовноста и посветеноста овозможи старешинството да функционира редовно без проблеми да се оствари кворум за работа. Сите седници се свиканите од страна на Старешината и сите се оддржани со кворум за работа. Најчеста точка на дневниот ред на седниците на Старешинството во 2019 година беше – Извиднички центар Охрид и тековни работи и проектни новости за сојузот.

Биро на СИМ

На самиот почеток на тековната година нако една од основните задачи на Бирото на Сојузот на извидници на Македонија е спроведување на постапката околу годишната регистрација на извидничките одреди кои функционираат во рамките на СИМ. Согласно Статутот и Правилникот за регистрација на извидничките и извидничко - поречанските одреди во СИМ секој одред полноправен член запишан во единствениот регистар на СИМ има обврска да ја обнови регистрацијата најдоцна до 31 Март. Врз база на примените документи, напишано е мислење и испратено до старешинството на СИМ.
Во рамките на бирото, како единствен функционален комесаријат во моментот беше, комесаријатот за интернационални работи воден од Јане Плавевски. Во рамките на своите надлежности се пратеа политиките на европско и светско ниво и се испраќаа информации до релевантни чинители од управните и извршните тела на сојузот. Сојузот како свои претставници во 2019 година, имаше на симпозиумот во Малта, како и на европската извидничка Конференција во Сплит, како важни настани на кои што се среќаваат носителите на одлуки на сите извиднички сојузи во Европа. Дополнително,

преставници на сојузот присуствуваа на сите европски настани дел од програмата на европскиот извиднички регион и светската извидничка организација, и истите ги посетија повеќе од 50 различни извидници – почнувајќи од извидничка академија, па се до семинари за партнерство, вмрежување, програма, раст и развој на организацијата итн. Преку истите, учесниците ги засилија своите лични вештини, ја презентираа работата на сојузот во дадените области и теми од семинарите, воспоставија контакти на европско ниво со други извидници и сојузи, и придонесоа кон развојот и учењето на нови практики во име на сојузот.

И оваа година, предизвик за сојузот остана целосното функционирање на бирото како извршно тело на организацијата и останува еден од клучните приоритети кои треба да бидат и во периодот што следува во 2020 година.

Бирото за 2019 година беше во функција на:

- Слободан Јаневски – началник на биро на Сојуз на извидници на Македонија
- Јане Плавевски – интернационален комесар на Сојуз на извидници на Македонија

Надзорен одбор на Сојуз на извидници на Македонија

Надзорниот одбор за 2019 година, согласно годишното собрание, е во состав:

- Ангелче Гушев
- Филип Стојаноски
- Драгољуб Столески

Надзорниот одбор на Сојуз на извидници на Македонија на неколку наврати изврши увид во активностите и финансиското работење на сојузот за 2019 година. За потребите на истото, целосно добија поддршка од генералниот секретар Владимир Костовски и директорот на Извидничкиот центар Охрид, Ивица Ангеловски. Врз база на увиденото, надзорниот одбор констатира дека евиденцијата на финансиите во сојузот се водат редовно, правилно и соодветно на сметководствените стандарди и законски одредби. Утврдено е дека особено внимателно се работи согласно проектираните трошоци кај проектите кои сочинуваат повеќе од 80% од буџетот на организацијата.

Надзорниот одбор ја поздравува заложбата и напорите за инвестирање во одредите преку помошта која се дава на одредите и која е приближна колку и приходите кои се добиваат од членариниите, односно средствата добиени од членарина, во најголема мера се користат за директна поддршка на одредите преку намалувања на котизација за програмски активности, директна поддршка за локални активности, мобилизација, промоција итн.

Канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија

Клучен персонал:

Раководител на канцеларијата во текот на 2019 беше Владимир Костовски во функција на генерален секретар. Дополнително во телото беа ангажирани:

- Павел Пападимитров – комуникација, брендинг и маркетинг
- Ивица Ангеловски – Директор на извиднички центар
- Алекс Фам – волонтер на мировен корпус задолжен за организациски раст и развој
- Џулиен Пицирило – волонтер на цивик сервис од сојузот на извидници на Франција, задолжен за програмата за диверзитет и инклузија
- Дополнително, согласно проектните потреби, беа ангажирани асистенти за програми, тренинзи, кампови, итн.

Во 2019 година, канцеларијата на сојузот работеше согласно прописите и правилата на организацијата. Во текот на годината, како дел од проектот "Јакнење на коренитe" се правеа внатрешни ревизии на правилата и процедурите со што канцеларијата требаше да се прилагоди на истите.

Во јуни 2019 година, се промени локацијата на канцеларијата и истата сега функционира во просториите на Првиот скопски извиднички одред на ул. Коле Неделковски бр. 20. Фокусот на канцеларијата за 2019 година беше реализирање на активности согласно стратегијата на организација, за што се реализираа 6 национални и 2 локални проекти. Како дел од проектните активности, беа вклучени голем број на програмски активности и активности од стратегијата на организацијата – како што се тренинзи за водачи, тренери, извиднички натпреварувања, хајкови итн.

Додатно, во 2019 година се започна проектот "Здрав раст на извидништвото" кои претставува институционална поддршка за организацијата во насока на зајакнување на капацитетие на извидниците за лидерство и водење на патроли согласно програмата на организацијата. Покрај вообичаените тренинзи, во текот на годината континуирано се работеше со водачите, со цел да им се обезбеди менторство и помош при раководење на патроли и одреди.

Во поглед на финансиски аспект како тело кое во моментов е задолжено за прибирање на финансии и финансиско работење на извршните тела на Сојузот на извидници на Македонија, во 2019 година беа остварени приходи повеќе од 8 милиони денари. Еден од приоритетите на канцеларијата остана отварање на нови одреди и континуирана поддршка на полноправните членки, како и менторство за придружните. Како резултат на својата работа, креирани е еден нов одреди во текот на 2019 – ИО Авантуристи – Кавадарци, и се работи на градење на капацитетите на локалните кадри, за аплицирање во членството на сојузот. Дополнително се креирани фокус групи во Македонска Каменица, Гевгелија и во Ѓорче Петров со кои ќе се работи во наредниот период за регистрирање и отпочнување на извидништво во нивните општини.

Управител на Извидник ДООЕЛ

Извидничкиот Центар Охрид, кој воедно претставува и најголем извиднички центар во сопственост на СИМ, и оваа година беше централно место за реализирање на дел од настаните и обуките на Сојузот на Извидници на Македонија. Дополнително, извидничкиот центар Охрид работеше комерцијално за сместување на групи и организации во текот на целата година.

Извидничкиот центар во Охрид оваа година оствари успешна година, со центарот менаџираше канцеларијата на СИМ на чело со Ивица Ангеловски како управител на ИЗВИДНИК ДООЕЛ. Во Извидничкиот Центар во Охрид годинава земаа учество 44 волонтери од скоро сите одреди од Северна Македонија, кои активно придонесоа во развојот на програмата и дел од операциите во него. Извидничкиот центар Охрид финансиски не ја постигна предвидената рамка.

Годишен план на активности на СИМ за 2018 година

Програмски активности

Направи добро дело

Како и секоја година, Сојузот на извидници на Македонија ги започнува своите активности со Денот на извидниците, односно 22ри Февруари.
Традиционално ги одржуваме нашите 3 активности:
- Центрлен настан за Денот на извидниците
- Дарување на крв - во соработка со Црвен Крст на Македонија
- Направи добро дело (хуманитарни активности)

Одбележувањето се оддржа на 23.02.2018, по повод Светскиот ден на извидниците, на Градскиот Плоштад се одржа отворањето и главната манифестација, а потоа со марш се упативме накај Градскиот Парк каде беа организирани разни забавни активности и игри. Вечерта пак, за постарите беше организиран ноќен хајк до врвот Крстовар. На настанот беа присутни повеќе од 100 извидници и покрај ладното време, настанот помина одлично. Дарувањето крв од неодамна стана наша традиција и горди сме да кажеме дека секоја година помагаме на многу луѓе на кои им е потребно. Активноста се оддржа во соработка со Црвениот Крст на Македонија, во повеќе градови низ републиката и акцијата беше многу успешна со тоа што крв даруваа повеќе од 100 извидници и пријатели. Најголемата активност при организирање на 22-ри февруари беше активноста „Направи добро дело" која беше низа од хумани активности организирани од страна на нашите одреди. Хуманите акции поминаа во најдобар можен ред и беа многу успешни. Речиси сите одреди учествуваа во активноста а дел од активностите беа:
- Правење на реквизити за животните од ЗОО,
- Собирање донации за социјално загрозени фамилии,
- Делење на храна и облека на бездомни лица низ градот,
- Делење колачиња со позитивни пораки,
- Неколку еколошки акции и др.



















Национален тим билдинг

Од 15-17 март, во извидничкиот центар во Охрид се одржа националниот тим билдинг. На тренингот, заедно со извидниците од Данска, се работеше на новата тренинг структура на СИМ и на подобрување на соработката во телата во нашата огранизација.



Меморандум за соработка со Peace Corps North Macedonia

Сојузот на извидници на Македонија потпиша меморандум за соработка со Peace Crops North Macedonia. Двете организации со своите волонтери ќе работат на развој на заедниците и доближување на извидништвото до што е можно поголем број на млади луѓе на целата територија на државата.



STEM едукација во извидништвото

Преку програмата Meet and code, сојузот за втор пат го престави концептот на стем едукација, односно учење за програмирање преку извидништвото и настава во природа.

Преку добро поставена симболичка рамка, 62 учесници укупно изучуваа за функциите if/or, then командите и основната логика позади истата. Програмата беше фасилитирана од страна на извидници кои имаат едукативна позадина во роботиката и е дел од нивниот професионален живот. На забавен начин имаа можност своето лично искуство и пасија да го пренесат на помалите, притоа забавувајќи се преку учење

За таа цел се реализираа два проекти и тоа –

1. Решавање на проблеми на заедницата преку учење на роботика
2. If Girl; Then Code

За оваа цел се користеа два типа на роботи, односно основни за најмладите кои даваат директно насоки на роботот со помош на команди и напреден iRobot кој користи софтверска апликација која иде заедно со роботот. Со помош на таблети и телефони, користејќи ги if/then/else функциите, учесниците даваа насоки на роботот со цел да ги помине препреките и успешно да стигне од точка А до точка Б. Имено, беше дизајнирана мапа, која го претставува патот од нивниот дом до училиштето и можни начини како они да стигнат од едното до другото место. Како опции беа дадени користење на автомобил, јавен превоз, велосипед и одење до училиште. Секој од патиштата имаше различни препреки, времетраење за негово поминување, степен на јаглероден отпечаток кој се менува зависно од средството за транспорт кое се употребува и промени во насоки кои ја отежнуваат навигацијата од точка А до точка Б.

Со цел да се обезбеди оддржливост на проектот, поради големата заинтересираност од страна на учесниците, тимот одлучи да поднесе предлог вештина како дел од програмата за вештини на Сојузот на извидници на Македонија.
Беше изработен правилник и критериум за освојување на вештарство РОБОТИКА, користејќи ги ресурсите кои се дел од meet and code проектот. Вештината РОБОТИКА ќе може да ја освојуваат извидници на возраст од 11 до 14 години, како дел од своите зимски кампови, користејќи ги добрите практики од Solving Community challenges through Robotics и If Girl: Then Code проектите.





Camp me in!

Сојуз на извидници на Македонија заедно со Центар за младински активизам КРИК во периодот од 16ти до 21ви Јули 2019 во Извидничкиот Центар Охрид ги имплементираше младинските инклузивни кампови.

Камповите траеја 6 дена (5 ноќевања) и вклучуваат млади лица со и без попреченост. Утринскиот дел од програмата се состоеше од едукативни активности на тема превенција на меѓуврсничкото насилство, мировен дијалог и емоционална интелигенција, додека попладневниот ден од програма се состоеше од активности на отворено имплементирани од извидници од Франција. Учесниците работеа поделени во групи од 5 лица. Групите беа водени од 1 млади лице кое има искуство во работа со млади лица со попреченост и без, 2 лица со попреченост и 2 лица со типичен развој.
Со оваа група на учесници работат 8 лица кои се дел од програмскиот тим и тоа: специјален едукатор, социјален работник, 4 младински работници и 2 координатори на програмските активности.

Програма на кампот се состоеше од:
-Активности за градење на група;
-Локални и регионални вечери;
-Активности на отворено (пешачење, стрелаштво, водени лудории, палење на логорски оган, спортски активности и многу други);
-Работилници каде се користеа методите на неформално образование;
-Посети на локалните места во Охрид;
-Интересни и забавни активности.

Младинските инклузивни кампови беа финансиски поддржани од Државна Видеолотарија на Македонија и HASELT. За време на камповите учесниците добија очила за сонце и лепези од Државна Видеолотарија на Македонија.








Сојуз на жителите
на Македонија

23-та Европска Извидничка Конференција

Од 24-28 Јули во Сплит се одржа 23та Европска Извидничка Конференција. Уште еднаш покажавме зошто бројни волонтери работат секојдневно на проширување на извидничката мисија, 365 дена во годината.

Повеќе од 500 делегати работеа напорно 5 дена, предлагајќи измени, коментирајќи и дискутирајќи со цел да се создадат најдобри можни услови за развој на извидничкото движење. Нашиот сојуз беше претставен од претседателот Огнен Стефановски, генералниот секретар Владимир Костовски и Срна Мајсторовиќ. Исто така, Павел Пападимитров и Никола Уневски од извршната канцеларија беа дел од волонтерите кои работеа на успешната реализација на овој настан. Бројни состаноци резултираа во договор за голем број на заеднички активности и развој на соработката со сојузите во Европа.

А, како најважно на Конференцијата, би го издвоиле изборот на новиот Европски комитет, каде Јулијана Даскалов беше реизбрана за член на истиот. Им посакуваме среќа на новоизбраните комитети во наредниот период и им се заблагодаруваме на нивните претходници за нивната посветеност и напорна работа и loveубов кон најголемата младинска волонтерска организација во светот.




SPLIT 2019


#stvaramoboljisvijet

Државен Извиднички Ориентационен Натпревар 2019

Во периодот од 10-13 октомври 2019 година, Сојузот на извидници на Македонија заедно со домаќинот Извидничкиот Одред Гоце Делчев го организираа Државниот Извиднички Ориентационен Натпревар – ДИОН 2019. Натпреварот се одржа на повеќе локации во Општина Свети Николе и село Орел. Повеќе од 100 извидници од целата држава имаа викенд исполнет со многу предизвици. Вкупно беа изминати околу 50 километри, 20 успешни бивакувања, 16 контролни точки, исцртани 100-тина скици, итенирери, кроки, профили и уште многу други задачи за овие 4 дена. За најуспешни беа прогласени извидниците од Извидничкиот одред "Скаут" од Куманово, второ место освои екипата од Извидничко Поречанскиот Одред Јадран, а на трето место се најде екипата од Извидничкиот Одред Гоце Делчев.

Им честитаме на учесниците на постигнатите резултати и се заблагодаруваме на сите волонтери, спонзори, пријатели и поддржувачи кои овозможија овој ДИОН да помине и повеќе од успешно! Се гледаме и следната година!







Извидник на годината

На 21.12.2019 се организираше волонтерска забава за заокружување на уште една успешна година за која најзаслужни беа баш тие - волонтерите!

Волонтерската забава, која се одржа во Домот на градежници, ја посетија повеќе од 100 извидници од целата држава. Покрај одличната дружба, многу пеење и танцување, акцентот на вечерта се стави на наградата Извидник на годината!

Бојан Ѓошев, со својот ангажман на локално ниво во Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), водач на јато развигорци, иницијатор и организатор на извиднички кампови, еколошки акции, инклузивни активности, беше одбран за извидник на годината.

Гласањето за оваа награда се одвиваше на начинот што секој регистриран извидник во Сојузот ја имаше можноста да номинира некој за ова признание. Извидникот на годината беше избран од комисија која е составена од три члена: генерален секретар, претставник на старешинство на СИМ и минатогодишен добитник на наградата "извидник на годината". Извидникот на годината доби признание од Сојузот на извидници на Македонија и дополнителна награда од 10.000 денари за имплементација на извидничка програма и негов личен развој.



Проектни активности

ИзВиди

Главната цел на проектот беше промоција на младинското учество и потикнување на активно граѓанство преку креирање и имплементирање на стратегија за младинско изразување, користејќи ги извидничките методи на работа и може да се каже дека ова беше и првиот проект на оваа тема во Сојузот на извидници на Македонија.

Сите активности беа реализирани за да се зајакне структурата на организацијата и да се поттикнат младите да бидат активни граѓани и донесувачи на одлуки во своите локални општини.

На почетокот се креираше тим на волонтери за комуникација. Заедно со тимот се работеше на месечните кампањи, каде преку нив на одредите им се праќаа предлог месечни состаноци и активности. Во наредниот период беше организиран тренингот за брендинг и комуникација во Извидничкиот Центар Охрид, каде се одржаа работилници и предавања во областите на дизајн, маркетинг, брендинг и социјални медиуми. Исто така, беше креирано вештарството за младинско изразување - кое е дел од извидничката програма. На крајот на проектот се работеше на националнате кампања ИзВиди и Направи добро дело и беа имплементирани кампањи во 5 градови (Скопје, Велес, Виница, Штип и Прилеп). Како дел од проектот беше и креирање на нова, подобрена комуникациска страегија која има за цел да ги постави насоките на делување и ќе обезбеди одржливост на организацијата за наредни три години.

Тренинг за брендинг и комуникација - СИМ

Од 08-10 ноември, во Извидничкиот Центар Охрид се одржа првиот тренинг за брендинг и комуникација на Сојузот на извидници на Македонија. На тренингот учество земаа 25 млади од целата држава. Учесниците имаа можност да научат како да комуницираат и по кои канали, добри и лоши практики, односи со јавност, како и вовед во дизајн, социјални медиуми, брендинг, маркетинг и сл. Покрај тоа, ги оспособивме младите да знаат како да се изразат и да комуницираат добро, точно и правилно кон целната група која ја таргетираат. Како до подобро претставување и подобра комуникација со нивните чинители и поширокаата јавност, а со тоа и помогнат кон градењето на една подобра слика и кревањето на свеста за извидништвото.




SCOUTS
LOJA


SCOUTS
LOJA


SCOUTS
LOJA

Подобрување на активностите и искуствата на младите во Охрид

Главната цел на проектот е да допринесе во развојот на единствени и квалитетни искуства за младите туриство во Охридскиот регион, а со тоа и зголемување на профитот генериран со дополнителните активности. Истиот се стреми кон модернизирање на Извидничкиот центар Охрид и зголемување на атрактивни туристички пакети од обаласта на развојот и едукација кои гарантираат висок квалитет на искуства на младите. Проектот ќе се реализира со поддршка на Националниот младински совет на Македонија и организацијата Гоу Грин.

Активности предвидени во проектот:

- Развивање на пакет програмски активности/работилници кои ќе бидат понудени на посетителите на центарот
- Модернизира на опремата за активности во природа и едукативни активности
- Развивање и воспоставување на комуникациска стратегија и алатки
- Развој на одржлив систем за управување со отпад со фокус на органски отпад и чиста енергија
- Имплементација на практични решенија за управување со отпат и енергетска ефикасност
- Тренинг за менаџирање и волонтерство
- Чистење и креирање на пермакултурна градина
- Ребрендирање и означување на програмата во центарот
- Обнова на техничка опрема во центарот
- Имплементирање на заштитни мерки за активностите

Каков извиднички центар сакам?

Од 24 – 26.05.2019 во Извиднички центар Охрид се реализираше првата работилница насловена како "Каков извиднички центар сакам?". Настанот беше наменет за млади и волонтери над 16 години кои сакаа да ги постават насоките на центарот во кој тој ќе се развива, а на настанот учествуваа околу 30 луѓе. Преку работилници и интерактивни сесии, учесниците имаа можност да развиваат програмски пакети кои ќе бидат понудени во центарот за гостите. Програмските пакети ќе бидат составени од активности на вода, креативни работилници, авантура, екологија, култура и спорт. А, и се развиваше методологија и стратегија за управување со отпад, креирање на пермакултурна градина и воспоставување на еколошки решенија за центарот. Настанот е дел од проектот "Подобрување на активностите и искуствата на младите во Охрид" со цел зголемување на програмската понуда на извидничкиот центар во Охрид, во партнерство со Националниот младински совет на Македонија и Гоу Грин.







Тренинг за брендинг и комуникација - ИЦО

Од 14-16 јуни 2019, во Извиднички Центар Охрид се реализираше тренингот за брендинг и комуникација. 25 млади и волонтери над 16 години кои преку сесии и практични примери во областа на маркетингот и комуникациите работеа на генерирње на идеи за полесно креирање на комуникациската стратегија на центарот.

На воведната сесија, учесниците се запознаа со целите на тренингот и со работата на извидничкиот центар, со комуникацијата која ја врши тој и со комуникацијата на Сојузот на извидници на Македонија. На следната сесија беа претставени резултатите од претходниот настан „Каков извиднички центар сакам?", со што тие добија генерална слика за тоа каде сакаме да се движи центарот и како тоа би помогнало и во делот на комуникацијата. По раскажаната успешна приказна за комуникација и за Ретвитни Оброк, започна теоретскиот дел на тренингот и запознавањето со брендингот и комуникацијата. По воведот и сесијата за стратешки маркетинг и маркетинг микс, учесниците беа поделени во групи и почнаа со работа, се запознаа со профилите на корисниците и ги креираа, според нив, главните таргет групи на Извидничкиот Центар. По кафе паузата, беше направена и SWOT анализа, каде тие ги детектираа јаките и слабите страни, заканите и можностите со кои се соочува центарот. Последниот ден, од собраните анализи, групите креираа комуникациски пристапи и начини со кои би ги тангирале своите таргет групи и ги изнајдоа решенијата на SWOT анализата со маркетиншката алатка позната како TOWS матрикс.

Извлечените идеи и пристапи, ќе се искористат за да се кеираат стратешките цели за комуникациската стратегија на Извидничкиот Центар Охрид во наредниот период.









Набавка на опрема

Како дел од проектот беше набавена и опрема за на вода за исполнување на авантуристичките програмски активности, како дел од понудата на Извидничкиот Центар Охрид и Сојузот на извидници на Македонија.

Опремата опфаќа: СУП даски, соло и дуо кајаци.







Скопска (аван)тура

Проектот адресираше две проблематики поврзани со животната средина и екологијата и тоа: вода и земја. Во првиот дел, дел за заштита на водата, преку иновативни методи се расчистуваше и мапираше крупно ѓубре во текот на реката Вардар од Скопје до Зелениково. Беа организирани 3 рафтинзи по кои се изработи скица на критични точки за крупен и градежен отпад долж течението, а по пловидбата се реализираше зелен камп во с. Градовци, Зелениково. На кампот директно се маркираа црвените точки од рафтингот и се направи план за кревање на свеста на населението. На кампот покрај теоретскиот дел и креирањето на акциски план, се презентираше и користење на сончевата енергија како извор на енергија и соларни панели како погон.

Во вториот дел, кој беше акција за заштита на земја, односно преку авантура во планина и хајк, се мапираа места за поставување на канти за отпадоци на релација Скопје-Водно-Матка. По завршување на хајковите, се изготви итинерер со предлог точки за поставување на корпи за отпадоци. Врз база на тој итинерер, во 2020 година извидниците ќе постават корпи за отпадоци.

На крај на проектот, изготвените документи ќе се достават до локалните власти и комуналните претпријатија за понатамошни делувања и акции.

Поради ограниченоста со ресурси, наместо организирање на еден рафтинг по течението на Вардар, во караван од 6 чамци, се реализираа 3 посебни рафтинзи и тоа:

- Сојуз на извидници на Македонија, 2 чамци, 14 млади
- Извидничко поречански одред Галеб и Јадран, 3 чамци, 21 млад
- Прв скопски извиднички Одред, 1 чамец, 11 млади

Активноста беше составена од 6 часовен рафтинг-пловидба по течението на реката Вардар од Аеродром до Зелениково. Во секој чамец имаше од 7 до 11 млади со еден искусен скипер/управувач кој го води чамецот. Пред почетокот на рафтингот, учесниците имаа едночасовна обука за сигурност и заштита со цел да се избегнат несакани ситуации.

Првиот рафтинг воден од тимот за програма на СИМ, ги лоцираше критични/црвени точки со крупен отпад по течението на реката и собираше ситен отпад по течението на реката. Другите два рафтинзи имплементирани од скопксите одреди, беа исклучиво за собирање на отпадот по течението на реката и собирање на ситен отпад лоциран од страна на СИМ на места достапни со чамците.

По завршување на рафтингот, беше изготвена скица на критични точки за крупен и градежен отпад долж течението. Од рафтинзите реката Вардар беше затекната во лоша ситуација и долж течението беа регистрирани 5 критични точки со крупен градежен отпад и тоа во близина на населените места покрај патиштата кои ги поврзува тие места и реката (најчество во околината на мостовите на Вардар).







Зелен камп Зелениково - Соларна Школа

Од 17-19 Мај во извидничкиот центар Градовци, се одржа првата школа за соларна енергија. Околу 20 извидници од различни одреди имаа можност, преку предавања и игри да се здобијат со основно познавање во делот на соларната енергија, но и со конструктивни методи за нејзино искористување. Преку тимска работа имаа предизвик да изградат соларни загревачи на воздух, кои се користат како сушара за овошје или за загревање на внатрешна просторија, мини соларни концентратори за приготвување на храна, но и имаа можност да ја развијат својата креативност преку создавање на соларна уметност. По завршување на овој семинар учесниците ќе бидат способни да продолжат да ја шират филозофијата „Зелена Енергија" со останатите извидници од своите одреди.










ФЕНАКС

Авантура на планина – Водно-Матка

Со оваа активност се реализираа низа од хајкови на релација Скопје-Водно-Матка, на кои учествуваа 70тина млади и извидници. Како дел од оваа активност, се направи мапирање на точки за поставување на канти за отпадоци и собирање на ѓубре долж трасата. Ако имаме на ум дека хајкот е со должина од 17 км, и дека нема ниедна канта за отпадоци, а голем број на рекреативци и туристи ја посетуваат рутата, потребата од нивно поставување е повеќе од потребно.

По завршување на хајковите, се изготви итинерер со предлог точки за поставување на корпи за отпадоци. Врз база на тој итинерер, во 2020 година извидниците ќе постават корпи за отпадоци и насоки до туристите.







Здрав раст на извидништвото

Главна цел на проектот е пилот имплементирање на новата тренинг рамка која ќе овозможи раст на бројот на извидниците преку испорака и имплементација на квалитетна програма од страна на нови лидери. Преку проектот е планирано да се опфати 15% од членството, кое ќе учествува во програмите кои се дел од проектните активности и кампови и раст од минимум 5% во наредната година. Иако растот на организацијата никогаш не бил ставен под прашање (континуиран раст од 7-15% на годишно ниво), сепак најголем предизвик во случајов е зајакнување на младите лидери и оддржливост на тренинг системот.

Резултати постигнати од проектот:

- Зајакнати капацитетите на извидниците дел од тимот за обука на кадри, дел од бирото на СИМ
- Чекори кон назначување на тренинг комесар
- Тимбилдинг за зајакнување и вмрежувањена тимот за обуки на кадри
- Школа за водачи согласно принципот на "Школа за водачи 1" и "Школа за водачи 2" од тренинг рамката
- Летен камп 2019
- Тренинг за тренери

Школа за водачи

Во периодот од 21-28 Јуни, 28 извидници од 11 одреди се дел од тренингот за водачи на патроли како дел од проектот "Healthy growth of Scouting". Овој тренинг беше прв тренинг имплементиран под новата тренинг рамка на СИМ и истиот беше еден од најдобро организираните и имплементираните тренинзи согласно евалуацијата добиена од учесниците и нивните одреди. Тренингот се оддржа од 21 до 28 јуни, и на него присуствуваа 30 извидници, четворица ментори, тројца тренери и тројца волонтери. Наместо засебно планираните викенд настани – Школа за водачи и Школа за водачи за изучување меки вештини, се направи еден последователен настан во времетраење од 7 дена.

Целта на тренингот беше да зајакне и инспирира извидници да станат водачи/лидери на локално и национално ниво. Преку тренингот, извидниците развија меки лидерски вештини, основни извиднички вештини и вештини применливи во пазарот на трудот во иднина. Сето ова беше имплементирано под симболичката рамка – Извиднички дух и патролен систем.

Секој од овие водачи, по завршување на тренингот ќе добие можност за зајакнување на своите вештини преку практична работа за време на летните и зимски кампови во организација на сојузот, како и преку асистентција на проектни и програмски активности во текот на годината. Преку зајакнување на капацитетите на 30 извидници, се очекува

раст на членство во наредната година од 200-250 нови членови, што би значело раст од 7-10%.

Резултатите од проектот се гледаат на подолг рок. Активностите на локално ниво низ државата драматично се зголемија во региони каде што новите лидери учесници на тренингот, започнаа со имплементирање на локалната извидничка програма. Во една година по тренингот, тие ќе имаат можност да учествуваат во тимот на организација и тимот на ментори за новата генерација водачи 2020, со што ќе се затвори кружниот механизам за пренос на знаење.





Тимбилдинг викенд на тренери и волонтери

Тимбилдинг викендот на тренери и волонтери имаше за цел да се реализираат подготвителни активности и креирање на акциски план за реализирање на летниот камп 2019 и истиот претставува нова практика на СИМ. 6 учесници беа моментални тренери на национално ниво и 14 беа учесници на школата за водачи. Целта на тренингот беше да го зајакне тимот и да се испланираат следни чекори и активности. Тимбилдинг викендот беше организиран и имплементиран од канцеларијата на СИМ. Како резултат од истиот, учесниците на школата за водачи ги научија различните методи за тренинг преку искуствено учење од страна на искусните тренери и се креираше детален акциски план со распределба на обврски каде што секој ги знае своите обврски за време на имплементирање на активностите поврзани пред, за време и по завршување на летниот камп.



Летен Камп 2019

Првиот летен камп во 2019 година беше најголемиот инклузивен камп имплементиран во Северна Македонија од страна на сојузот и во целост имплементиран од страна на волонтери и водачи – дел од школата за водачи, покрај националната смотра која се реализира на секои 5 години. Кампот се имплементираше од 26ти јули до 1ви август и на него присуствуваа 130 учесници и 20 волонтери кои доаѓаа од градови и општини од цела држава. 20% од учесниците доаѓаа од рурални средини (од Источна Македонија) со поддршка на нивните локални заеднии. 30% Од учесници беа од маргинализирани средини (ромски населби), благодарени на поддршката од страна на локалните центри за поддршка на деца роми – СОС детското село и центарот за деца од улица. Учесниците уживаа во понудените активности кои го зајакнуваа тимскиот дух и ги вмрежуваа децата, преку учење на вештини и стекнување на вредности.

Дел од понудените активности и работилници беа еколошки работилници за минимализирање на карбон футпринтот како и еколошки работилници за кревање на свеста за потребата за заштита на животната средина. Со поддршка на француските ровери, македонските волонтери испланираа и имплементираа повеќе од 30 активности. Тие активности беа забавни, со цел да ги внесат сите учесници во животот на извидниците и да учат меѓусебно.

70% од волонтерите беа извидници учесници на тренингот за водачи, и преку директна инволвираност во истиот тие ги засилија своите вештини за директна работа со деца, фасилитација на активности, организација на покомплексни соддржини, планирање на буџет, ризици, справување со предизвици, итн. Истите беа поддржани од страна на кадри на сојузот со минимален надзор и поддршка доколку е потребно.

Еколошката компонента на летниот извиднички камп и инпутот од страна на француските извидници беше финансиски поддржан преку проектот "Летен инклузивен еко камп" – поддржан од Француската амбасада во Скопје.




SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS

Тренинг за тренери

Во периодот 15-18.08.2019 год. се одржа Тренинг за тренери во организација на СИМ и тоа во извидничкиот центар "Крсте Јон" во Струга, на кој учество земаа извидници од Скопје, Штип, Куманово, Кичево и Прилеп. Тренингот е дел од новата тренинг рамка на Сојуз на Извидници на Македонија и претставува продолжение на школата за водачи и беше најава за инструкторската школа.

На тренингот, учесниците имаа можност да развијат нови и да ги зајакнат веќе стекнатите тренерски вештини, методи на конструктивна критика, методи на тренинг, планирање/имплементирање на тренинг и евалуација. Тие исто така се запознаа со различните стилови на учење и со тоа како различни карактери, различни луѓе имаат различни начини на учење кои се ефективни за нив, што им помогна на извидниците да сфатат како полесно да го пренесат своето знаење на нивните патроли. Понатаму водачите се здобија со знаење во областа на презентацијата, вербалната и невербалната комуникација и подготовка на програма за тренинг/обука.

Тренингот беше наменет за моменталните водачи, учесниците на школата за водачи, како и активни извидници, волонтери на локално и/или национално ниво. Раководител на тренингот беше Јордан Бајрактаров – истакнат член на светската извидничка организација (WOSM). Дваесет учесници беа дел од "Тренингот за тренери" и преку активно следење и практична работа се здобија со повеќе знаење во областа на дизајнирање на обука и техники на презентација, комуникација и уште многу други теми кои ќе им овозможат да бидат подобри водачи и да го пренесат своето знаење и на помладите генерации!






NEW YORK
CITY



Сојуз на извидници на Македонија
Scout Association of Macedonia

Кукушка 4А, 1000 Скопје, Северна Македонија

Телефон 070 213 556
Email sim@scout.org.mk
Email sim@scout.org.mic